Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 11.08.2024

На 10.08.2024 година во 17.30 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар - с. Градец, во близина на село Добри Дол, гостиварско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „Пежо" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од С.Ц. (19) од село Калиште, гостиварско и патничко возило „Фолксваген туран" исто така со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(40) од село Топлица, гостиварско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата возачи, а констатирани во Медицински центар Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 10.08.2024 година во 18.15 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат од браната „Липково" кон центарот на селото Липково, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „Шкода" со косовски национални ознаки, управувано од Б.Б.(47) од Косово и мотоцикл „Хонда" без регистарски ознаки, управуван од Ш.Б.(32) од село Матејче, општина Липково. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 10.08.2024 година во 10.05 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосницата од регионалниот пат Куманово - Свети Николе со бул.„Трета Македонска Ударна Бригада" во Куманово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „Тојота" со кумановски регистарски ознаки, управувано од И.Д.(50) од село Проевце, кумановско и мотоцикл марка „Томос" со кумановски регистарски ознаки, управуван од Д.Т.(56) од село Буковљане, општина Старо Нагоричане. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 10.08.2024 година во 18.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистралниот пат Охрид - Ресен, во атарот на село Свињишта, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „Триумф" со ресенски регистарски ознаки, управуван од А.А.(48) од Ресен и патничко возило „Хјундаи" со битолски регистраски ознаки, управувано од П.Т.(49) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Специјалната болница „Свети Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 10.08.2024 година во 21.40 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода З.Т.(26) од село Трубарево, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.08.2024 година во 19.40 часот во село Ново Село на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.П.(23) од село Волково, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.08.2024 година во 11.10 часот во Полициската станица Гази Баба, А.М.(88) од Скопје пријавил дека на ул.„Финска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 10.08.2024 година во 22.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, К.К.(41) од Скопје, пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 10.08.2024 година година во 18.20 часот, постапувајќи по претходна пријава, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба извршиле службен разговор со М.С.(55) од Скопје, затоа што на 09.08.2024 година околу 17.15 часот во семејниот дом на подрачјето на Гази Баба физички ја нападнал својата вонбрачна 46-годишна партнерка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.08.2024 година во 10.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на подрачјето на Центар во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.В.(20) и С.М.(36) двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 10.08.2024 година во 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Центар во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.Т.(44) и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.08.2024 година во 23.00 часот во СВР Скопје, Е.Т.(34) од село Идризово, скопско, пријавила дека истиот ден околу 21.10 часот на подрачјето на Кисела Вода во Скопје, по претходно недоразбирање во сообраќајот, била физички нападната од С.С.(55) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (11.08.) во 03.32 часот во дворно место од куќа во Кочани, сопственост на С.С.(36) од населба Оризари, кочанско, полициски службеници постапувајќи по претходна пријава, пронашле 10 куршуми, калибар 9мм за сигнален пиштол и девет чаури од куршуми, калибар 9 мм за сигнален пиштол. Истите биле подигнати за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.08.2024 година во 23.24 часот во СВР Штип, О.Д.(34) од село Стар Караорман, штипско, пријавил дека околу 23.00 часот во угостителски објект во с.Радање, општина Карбинци, бил физички нападнат од С.К. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.08.2024 година во 07.33 часот во СВР Штип, Х.В.(57) од Република Чешка пријавил дека на регионалниот пат Свети Николе - Куманово кај местото викано „Павлешенска чешма", при движење со патничко возило „Шкода" со чешки национални ознаки, настанал пожар на неговата камп приколка, која била прикачена на возилото. Од Територијалната противпожарна единица Свети Николе пожарот бил изгаснат. Повредени лица нема. По овластување на јавен обвинител извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Свети Николе.

На 10.08.2024 година во временски период од 07.00 до 15.00 часот во атар на с.Дорфулија, општина Лозово, полициски службеници од ОВР Свети Николе со службено куче од Единицата за обука на службени кучиња и вклучени 50 жители од с.Дорфулија трагале по исчезнато лице И.М.(35) од село Дорфулија кој бил пријавен за исчезнат истиот ден. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Денеска (11.08.) во 00.15 часот во СВР Струмица, Б.М.(20) од село Василево, струмичко, пријавил дека вчера околу 23.20 часот на паркинг простор во Струмица бил физички нападнат од Ј.Т.(28) од село Баница, струмичко. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.08.2024 година во 10.00 часот во СВР Струмица, Д.А.(25) од село Дедино, радовишко, пријавил дека околу 09.00 часот во Струмица, додека управувал товарно возило „Рено" со струмички регистарски ознаки, по претходна сообраќајна незгода, возачот од другот возило - комбе, физички го нападнал Д.А., употребувајќи тврд предмет, а потоа со остар предмет го оштетил неговото товарно возило инаку во сопственост на правен субјект. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.08.2024 година во 09.40 часот во СВР Струмица, З.М.(31) од Струмица пријавила дека околу 09.15 часот на крстосница од регионален пат кон Струмица, додека се движела со своето патничко возило „Фолкваген пасат", едно лице кое управувало патничко возило "Фолксваген голф" со велешки регистарски ознаки се обидел да ја отвори нејзината возачка врата, а со тоа ја загрозил нејзината сигурност и сигурноста на нејзините две малолетни деца. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.08.2024 година во 02.20 часот во Полициската станица Гевгелија, С.А.(21) од село Негорци, гевгелиско, пријавил дека во 01.45 часот пред продажно место во Гевгелија бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.08.2024 година во 16.00 часот полициски службеници од ОВР Радовиш, по претходна пријава го привеле С.Х.(38) од село Подареш, радовишко, затоа што на 09.08.2024 за време на одржување на спортски турнир во с.Подареш, упатувал закани кон Ѓ.Ф. и неговото семејство. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.08.2024 година во 09.17 часот во СВР Куманово било пријавено дека во Куманово, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Т.С.(25) од Куманово и Љ.Р.(25) од село Черкези, кумановско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.08.2024 година во 19.11 часот во СВР Куманово било пријавено од С.И. (68) од Куманово, дека додека се движела низ градот, едно лице се обидело да и го одземе од рака нејзиниот паричник, и откако не успеало во намерата ја турнал на земја и го напуштил местото на настанот. С.И. од падот се здобила со повреди, констатирани во Градската општа болница Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет